# ПРАВИЛНИК

## ЗА НАДОМЕСТОК НА ШТЕТА НАПРАВЕНА ОД УЧЕНИЦИТЕ И ВРАБОТЕНИТЕ ВРЗ УЧИЛИШТЕН ИНВЕНТАР, КОМПЈУТЕРИТЕ И ЦЕЛАТА ОПРЕМА ВО ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ – Аеродром, Скопје

**Член 1**

Со овој правилник се пропишуваат процедурите и начинот на утврдување на висината на надомест на направената штета од страна на учениците и вработените во ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ како и реализацијата за надомест на штетата;

**Член 2**

Секој ученик е задолжен и одговорен да се грижи за училиштниот инвентар, компјутерите и целата опрема во својата смена.

**Член 3**

Чувањето на училиштниот инвентар, компјутерите и целата опрема е ДОЛЖНОСТ и одговорност на сите ученици од паралелката, на дежурните ученици во паралелката, претседателот од паралелката како и на секој наставник на својот час.

**Член 4**

Дежурните ученици, претседателот на паралелката и наставниците кои имаат прв и последен час во паралелката, должни се да извршат увид и да ја констатираат состојбата во училницата и за тоа да водат евиденција во писмена форма.

**Член 5**

На крајот од неделата претставници од одделенското раководство од двете паралелки кои учат во иста училница, должни се да извршат споредување на писмените извештаи кои секојдневно ги изготвувале и да ги констатираат евентуалните разлики (промени).

**Член 6**

Под штета се подразбира дејствие со кое намерно или несовесно е предизвикано оштетување, отуѓување или недостаток на компјутерска опрема, смарт табли, проектори и друг училиштен инвентар.

**Член 7**

Во случај на настаната штета, истата се пријавува кај одделенскиот раководител, предметниот наставник, стручната служба, директорот на училиштето и се постапува според правилникот за надоместок на штетата кој содржи парична вредност искажана во денари;

**Член 8**

За својата работа секој од нив поднесува извештај во писмена форма до директорот на училиштето;

**Член 9**

Предметните наставници и одделенските раководители во рок од седум дена по добивањето на информацијата;

**Член 10**

Колективна одговорност претставува одговорност на сите ученици во една паралелка, смена или одговорност на сите ученици на ниво на училиштето. Утврдувањето на одговорноста врши одделенскиот раководител; предметниот наставник, стручната служба; и директорот ; односно Наставничкиот Совет по претходно доставен извештај за направена штета од страна на Комисијата.

**Член 11**

Одговорноста се однесува на штета направена во:

- училницата во која учи ученикот;
- наставните кабинети;
- ходниците и училиштната зграда;
- други заеднички простории

**Член 12**

Надоместок на штетата се врши согласно на книговодствена вредност искажана во денари;

Висината на надоместокот се утврдува согласно со:

- книговодствената вредност на оштетениот инвентар;
- цената на чинење на услугата на одреден економски оператор
- проценка направена од страна на стручно лице, специјализиран орган или установа;

**Член 13**

Уплатените средства се користат строго наменски за набавка или отсранување на констатираните состојби во извештајот на комисијата.

**Член 14**

За утврдување на штетата се формира Комисија во состав од:

- Одделенскиот раководител;
- Предметниот наставник во чиј кабинет е направена штетата;
- Претставник од стручна служба;

Одговорностите на учениците по однос на чување и одржување на училиштниот инвентар, компјутерите и целата опрема соодветниот одделенски раководител треба да им ја пренесе на родителите на првата родителска средба секоја нова учебна година;

**Член 15**

Штетата треба да се утврди во рок од 24 саати и после тоа соодветниот одделенски раководител заедно со предметниот наставник и стручната служба прават ЗАПИСНИК од констатираната состојба.

По констатираната штета, соодветниот одделенски раководител ја утврдува висината на направента штета по книговодствена евиденција и изготвува РЕШЕНИЕ потпишано од директорот кое го испрака до родителот со кое истиот се повикува да ја надомести во рок од 7 дена.

**Член 16**

Доколку не се признава направената штета што треба да се надомести Училиштето испрака тужба до сторителот.

За евентуален спор надлежен е Основниот Суд 2

Скопје
16.09.2024 год.

Директор:
М-р. Александар Филипчев